**20151474154**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛОВСТВОТО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за ловството,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 21 август 2015 година.

Бр. 08-3674/1
21 август 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛОВСТВОТО

Член 1

Во Законот за ловството ("Службен весник на Република Македонија" број 26/2009, 136/11, 1/12, 69/13, 164/13, 187/13 и 33/15) во членот 76 став (1) зборовите: "министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство" се заменуваат со зборовите: "Државна Комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка".

Член 2

Во членот 77 став (1) зборовите: "6000 до" се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

"Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице на концесионерот на дивечот во ловиштето или друго правно лице за прекршоците од ставот (1) на овој член".

Во ставот (4) зборовите: „од три до пет години" се заменуваат со зборовите: „до 30 дена".

Член 3

Во членот 78 став (1) зборовите: "3000 до" се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

"Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице на концесионерот на дивечот во ловиштето или друго правно лице за прекршокците од ставот (1) на овој член".



www.pravdiko.mk

Член 4

Во членот 80 во ставот (2) зборовите: "не помалку од една година, ниту подолга од пет години" се заменуваат со зборовите "до 30 дена".

Член 5

Во членот 81 ставот (10) се менува и гласи:

"Против одлуките на Прекршочниот орган, со кои се изрекува прекршочна санкција може да се поднесе жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на испекциски надзор и прекршочната постапка".

Член 6

Членот 83 се менува и гласи:

"(1) За прекршоците утврдени во членовите 77, 78, 79 и 80 од овој закон, ловниот инспектор е должен на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог, пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.

(2) Прекршочниот платен налог содржи лично име, адреса, и единствен матичен број на граѓанинот, ако се работи за странец и број на патната исправа и држава, а за правно лице назив, седиште и даночен број, местото и времето на сторување на прекршокот, правната квалификација на прекршокот, износот на глобата, број на сметката за плаќање и правна поука.

(3) По приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог сторителот на прекршокот е дложен да ја плати изречената глоба во рок од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во платниот налог.

(4) Сторителот на прекршокот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот (4) на овој член ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.

(5) Ако сторителот на прекршокот не ја плати глобата во рокот од ставот (4) на овој член ловниот инспектор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до прекршочен орган.

(6) Ако сторителот на прекршокот одбие да го прими и потпише прекршочниот платен налог, ловниот инспектор е дложен веднаш да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до прекршочен орган.

(7) Ловниот инспектор е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(8) Во евиденцијата од ставот (9) на овој член се собираат обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно претојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочен платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(9) Личните податоци од ставот (10) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(10) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство".

Член 7

Членот 84 се менува и гласи:

"Одмерувањето на висината на глобата за правното лице за прекршоците во овој закон ќе се врши согласно Законот за прекршоците".



www.pravdiko.mk

Член 8

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".



www.pravdiko.mk